До
Управниот одбор и Собранието на
Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ

Согласно на член 19 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Надзорниот одбор на комората го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На членовите на Надзорниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија во состав Сељејдин Бехадини, Претседател на Надзорниот Одбор, д-р Златко Србиноски, Тања Франц и Нина Трендафилова, членови на Надзорниот Одбор, им беа доставени сите потребни материјали за работењето на Комората во 2016 година. Надзорниот одбор одржа состанок во просториите на комората на 7.02.2017 година и изврши контрола на материјално финансиското работење и на завршната сметка за 2016 година.

Од страна на раководството на Комората беа доставени сите потребни податоци за материјално финансиското работење и беа детално образложени расходните ставки од завршната сметка. Истовремено беше доставена компаративна анализа на материјалното финансиско работење во 2013 до 2016 година.

Приходните ставки се во рамките на планираните вредности. Констатирано е дека бројот на активни членови на Комората е зголемен на над 3000 активни членови.

Расходните ставки се, исто така, во рамките на планираните вредности. Треба да се нагласи дека во 2016 година беше извршено реновирање на деловниот простор, што претставува дополнителен трошок од нормално предвидениот.

Од извршената контрола може да се констатира дека материјално финансиското работење на КОАИ е согласно на Статутот и актите на Комората.

Претседателот на Комората информираше и за главните активностите на Комората во извештајната година и реализацијата на предложенит план за работа.

Скопје, 7.2.2017

**Претседател на Надзорниот одбор**

Сељејдин Бехадини